

**ОВА Е И НАШ СВЕТ – РАЗМИСЛЕТЕ ШТО НИ ОСТАВАТЕ!**

Човештвото денес се соочува со огромна закана за својот иден развој – глобалното затоплување и климатските промени. Несовесното користење на фосилните горива и уништувањето на шумите кои претходните генерации ги практикувале од почетокот на индустриската револуција до денес - нам, генерациите кои доаѓаме после вас ни го одземаат правото да живееме и создаваме во свет каков што имате вие денес: богат со ресурси и можности.
Научниците предупредуваат дека следните 10 години се клучни за животот на планетата во иднина: доколку сите заедно ништо не направиме за да ја намалиме емисијата на стакленички гасови во атмосферата – светот во кој ќе живееме ние, вашите деца, ќе биде многу поразличен од овој денес. Она што нас не очекува е свет во кој ќе има многу високи температури, суша, недоволно храна, екстремни временски услови, масовни преселби, зголемен број на пожари, зголемен број на болести како маларија, итн. Се проценува дека економската штета од климатските промени ќе биде еднаква на две светски војни одеднаш.
**Одбиваме да живееме во ваков свет само затоа што претходните генерации се однесувале несовесно!**
Се изгубија многу години во полемики дали воопшто се случуваат климатски промени, потоа долго време одговорните се занимаваа со прашањето дали навистина човекот е виновен за тоа – најпосле денес нема никакви сомневања дека климата на нашата преубава планета се менува и дека причина за тоа сме ние луѓето и дека нема место и човек кој може да ги избегне последиците од климатските промени. Сега веќе немаме време за полемики и дебати – сега мора да се дејствува! Во моментов се наоѓаме во клучен момент и од одлуките на оваа генерација зависи нашата иднина и иднината на сите следни генерации.
**Добрата вест е дека сеуште може да се дејствува и да се превенираат катастрофални промени кои ќе бидат незапирливи.**
Решенијата постојат и во светот веќе голем број држави спроведуваат низа мерки кои не само што успешно ги намалуваат стакленичките гасови и со тоа ги ублажуваат климатските промени, туку носат економски и социјален бенефит на нивните граѓани.
**Бараме да бидеме дел од овој прогресивен свет!**

**Бараме:**

- **да се спроведат мерки за енергетска ефикасност во сите јавни установи;**
- **да се регулираат и строго контролираат стандардите за потрошувачка на енергија во градежништвото;**
- **да се намали потрошувачката на енергија од фосилни горива и да се зголеми употребата на обновливи извори на енергија – Македонија е земја на сонцето, а енергијата на сонцето речиси воопшто не ја користиме;**
- **да се стави крај на нелегалната сеча на нашите шуми;**
- **да се воспостави повторно фонд за пошумување;**
- **да се изгради инфраструктура за нормално движење со велосипеди во нашите градови;**
- **да се воспостави современ јавен транспорт во целата држава, и**
- **да се запре со несовесно трошење на природните ресурси.**

**БАРАМЕ ДА НИ ДОЗВОЛИТЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ВО БЕЗБЕДЕН СВЕТ И СЛОБОДНО ДА ЈА РАЗВИВАМЕ НАШАТА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА – ОВА НАВИСТИНА Е И НАШ СВЕТ, НЕ НИ ГО ОДЗЕМАЈТЕ!**